# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.8/2017
## 07.09.2017 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за давање на согласност на СОУ„ Св.Кирил и Методиј„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

Се објавува Одлуката за давање на согласност на СОУ„ Св.Кирил и Методиј„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 31.08.2017 година.

Бр.09_250/1
14.08.2017

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седница одржана на ден 31.08.2017 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За давање на согласност на СОУ„ Св.Кирил и Методиј„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Средното општинско училиште „ Св.Кирил и Методиј„ Неготино за формирање на паралелки во 1(прва) година со помал број на ученици предвиден со Законот за средното образование.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08-236/3
31.08.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за давање на согласност на давање на согласност на ООУ„ Страшо Пинџур„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

Се објавува Одлуката за давање на согласност на ООУ„ Страшо Пинџур„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 31.08.2017 година.

Бр.09_250/2
14.08.2017

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седница одржана на ден 31.08.2017 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За давање на согласност на ООУ„ Страшо Пинџур„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Основното општинско училиште „ Страшо Пинџур„ Неготино за формирање на паралелки и комбинирани паралелки со помал број на ученици предвиден со Законот за основното образование.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08-236/4
31.08.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за давање на согласност на давање на согласност на ООУ„ Гоце Делчев„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

Се објавува Одлуката за давање на согласност на ООУ„ Гоце Делчев„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 31.08.2017 година.

Бр.09_250/3
14.08.2017

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седница одржана на ден 31.08.2017 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За давање на согласност на ООУ„ Гоце Делчев„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Основното општинско училиште „ Гоце Делчев„ Неготино за формирање на паралелки и комбинирани паралелки со помал број на ученици предвиден со Законот за основното образование.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

Бр.08-236/5
31.08.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво**

Се објавува Одлуката за распишување на референдум на локално ниво, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 06.09.2017 година.

Бр.09_250/4
14.08.2017

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 25 став 1 и член 28 став 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), член 6 став 2 и член 36 став 1 од Законот за референдум и други облици на непосредно одлучување на граѓаните ("Службен весник на РМ" бр.81/05) и член 41 став 3 од Статутот на општина Неготино ("Службен гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 06.09.2017 година, донесе

# ОДЛУКА

**За распишување на референдум на локално ниво**

**Член 1**

Советот на општина Неготино распишува референдум за подрачјето на општина Неготино заради изјаснување на граѓаните за населување и интеграција на мигранти на територијата на општина Неготино.

Советот на општина Неготино распишува референдум од претходниот став по сопствена иницијатива.

**Член 2**

На референдумот на локално ниво граѓаните на општина Неготино ќе одговорат на следново прашање:**" Дали сте за населување и интеграција на мигранти на територијата на општина Неготино?**"

Граѓанинот на референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот "**ЗА**" или "**ПРОТИВ**".

**Член 3**

Изјаснувањето по референдумското прашање од член 2 од оваа Одлука се спроведува со цел граѓаните од подрачјето на општина Неготино да одлучат дали ќе дозволат да се населуваат и интегрираат мигранти на територијата на општина Неготино.

. **Член 4**

Одлуката на референдумот ќе се смета за донесена доколку за неа гласале мнозинството од вкупниот број кои што гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во Избирачкиот список на општина Неготино.

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна.

**Член 5**

Доколку на референдумот се донесе негативна одлука на прашањето за населување и интегрирање на мигранти на територијата на општина Неготино, Советот на општина Неготино ќе ги извести надлежните државни органи за донесената одлука.

**Член 6**

Референдумот на локално ниво ќе се одржи на ден 15.10.2017 година, а гласањето ќе се спроведе во периодот од 07 до 19 часот.

**Член 7**

Референдумот на локално ниво ќе го спроведе Општинската изборна комисија на општина Неготино и општинските избирачки одбори.

**Член 8**

Средствата за спроведување на референдумот ќе се обезбедат со Ребаланс на Буџетот на општина Неготино за 2017 година.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино", а ќе биде објавена во средствата за јавно информирање, на огласната табла во општина Неготино, како и на веб страницата на општина Неготино.

Бр.08-236/6
06.09.2017 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Јордан Паунов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 8/2017

1. Заклучок за објавување на Одлуката за давање на согласност на СОУ„ Св.Кирил и Методиј„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици Стр.1

2. Одлука за давање на согласност на СОУ„ Св.Кирил и Методиј„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици Стр.2

3. Заклучок за објавување на Одлуката за давање на согласност на ООУ„ Страшо Пинџур„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици Стр.3

4. Одлука за давање на согласност на ООУ„ Страшо Пинџур„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици Стр.4

5. Заклучок за објавување на Одлуката за давање на согласност на ООУ„ Гоце Делчев„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици Стр.5

6. Одлука за давање на согласност на ООУ„ Гоце Делчев„ Неготино за формирање на паралелки со помал број ученици Стр.6

7. Заклучок за објавување на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво Стр.7

8. Одлука за распишување на референдум на локално ниво Стр.8-9